( Образец ПП……)

До: Општина Демир Хисар
ул. Битолска бр.8,
7240 Демир Хисар, РС Македонија
м-р Игор Дамјаноски - службено лице задолжено за посредување при остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
e-mail: igor.damjanoski@demirhisar.gov.mk , igorzab1@yahoo.com
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted], со седиште на ул. [redacted], со телефонски број [redacted] и е-маил адреса [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), и согласно член 51 од Законот за животна средина, од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молам да ме информирате во врска со состојбата со следните документи, кои се обврзни согласно националното законодавство и општината треба да ги поседува. Некои од подолу наведените документи не се законски обврзни, но законот дава можност општината да ги изработи, усвои и реализира.

Согласно член 56 од Законот за животна средина, Субјекти кои поседуваат информации за животната средина (каде се вбројуваат и ЕЛС), се должни, во зависност од нивната надлежност, информациите за животната средина со кои располагаат или кои други ги чуваат во нивно име, да обезбедат ширење, достапност на јавноста и одржување на информациите, во форми и во формати кои можат лесно да се репродуцираат и да бидат достапни преку мрежите на електронска комуникација.

1. Дали е изработен ЛЕАП за Општина Демир Хисар за тековниот период, и доколку не е изработен, ве молиме да не информирате, дали ЛЕАП е во изработка, кога ќе се изработи и кои се членовите на локалниот комитет?
2. Дали имате изработено План за квалитет на амбиентален воздух за општина Демир Хисар? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
3. Дали е изработен акционен план за бучавост за општина Демир Хисар? Доколку овој документ е изработен ве молиме да ни го доставите, доколку не е, бараме информација до каде е неговата изработка и кога се планира да биде изработен?
4. Доколку е изработена Стратегија за управување со климатски промени за Општина Демир Хисар ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена стратегијата?

5. Доколку е изработена Програма за енергетска ефикасност на Општина Демир Хисар ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена програмата?
6. Доколку е изработена Стратегија за одржлив развој за Општина Демир Хисар ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена стратегијата?
7. Доколку е изработена Програма за заштита на животната средина на Општина Демир Хисар ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена програмата?
8. Доколку е изработена Програмата за комунални дејности за Општина Демир Хисар за 2024 год. ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена програмата?
9. Доколку е изработена Програма за локален економски развој на Општина Демир Хисар за 2024 год. ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена програмата?
10. Доколку е изработена Стратегија за локален рурален развој за Општина Демир Хисар ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена стратегијата?
11. Дали имате изработено План за ерозија за општина Демир Хисар? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
12. Дали имате изработено План за стопанисување со шуми за општина Демир Хисар? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
13. Дали имате изработено План за уредување на речни корита за општина Демир Хисар? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
14. Дали имате изработено План за заштита од природни непогоди за општина Демир Хисар? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
15. Дали општина Демир Хисар има изработено Катастар за животна средина? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку немате, ве молиме да не информирате до каде е постапката за негово изработување?
16. Доколку е изработен Извештај за состојбата со животната средина во Општина Демир Хисар ве молиме да ни го доставите? Доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен извештајот?
17. Доколку е изработен План за управување со заштитените подрачја во рамките на Општина Демир Хисар ве молиме да ни го доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **<u>г) електронски запис</u>**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

**Датум:** 11.09.2024

**ДО:** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-852/1, 05.09.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 05.09.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со плански документи во врска со Законот за животна средина на Општина Демир Хисар, се уважува.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со со плански документи во врска со Законот за животна средина на Општина Демир Хисар

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 05.09.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 05.09.2024 година под архивски број 18-852/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 11.09.2024 година, под бр. 18-852/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

______________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресури

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1. Изработен ЛЕАП за Општина Демир Хисар, а изработен е и Локален акциски план за управување со отпад:
   https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/09/leap-demir-hisar.pdf
   https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/lap-za-upravuvanje-so-otpad-demir-hisar.pdf

2. Не е изработен План за квалитет на амбиенталниот воздух за Општина Демир Хисар,
3. Не е изработен Акциски план за бучавост на Општина Демир Хисар,
4. Не е изработена Стратегија за управување со климатските промени на Општина Демир Хисар,
5. Изработена е Програма за енергетска ефикасност на Општина Демир Хисар:

https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/09/programa-za-energetska-efikasnost-na-els-demir-hisar-2013-do-2015.pdf

6. Не е изработена Стратегија за одржлив развој на Општина Демир Хисар, како таква но е изработен Интегриран план за локален економски развој на Општина Демир Хисар:
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/09/iplr-na-opshtina-demir-hisar-2019-2022.pdf

7. Не е изработена Програма за заштита на животната средина, но е изработен План за управување со животната средина и социјалните аспекти:
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/09/management-plan-for-protection-of-environt-and-social-aspects-demir-hisar.pdf

8. Не е изработена Програма за комунални дејности, но е изработена Програма за уредување на градежното земјиште:
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/12/sluzben-glasnik-br-21-od-26.12.2023.pdf

9. Изработени се повеќе програми од надлежност на одделението за ЛЕР и јавни дејности:
https://demirhisar.gov.mk/dokumenti/godishni-programi-za-rabota/

10. Не е изработена Стратегија за локален рурален развој, но е изработен Интегриран план за локален економски развој на Општина Демир Хисар и Урбанистичка ревизија за Општина Демир Хисар:
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/09/iplr-na-opshtina-demir-hisar-2019-2022.pdf

https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/09/urbanisticka-revizija-demir-hisar.pdf

11. Не е изработен План за ерозија, но е изработена Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општина Демир Хисар:
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/08/proczenka-na-zagrozenost-od-prirodni-nepogodi-i-drugi-nesreki.pdf

12. Не е изработен План за стопанисување со шуми, но е изработена Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општина Демир Хисар:
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/08/proczenka-na-zagrozenost-od-prirodni-nepogodi-i-drugi-nesreki.pdf

13. Не е изработен План за уредување со речни корита, но е изработен Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја во Општина Демир Хисар и План за заштита и спасување од поплави на Општина Демир Хисар:
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/09/operativen-plan-za-zashtita-i-odbrana-od-poplavi-za-zagrozeni-podracja-vo-opshtina-demir-hisar.pdf

https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/08/plan-za-zashtita-i-spasuvane-poplavi.pdf

14. Изработени се повеќе планови за заштита од природни непогоди:
https://demirhisar.gov.mk/dokumenti/strateshki-dokumenti/

15. Не е изработен катастар за животна средина,
16. Не е изготвен Извештај за состојбата со животната средина,
17. Не е изработен План за управување со заштитените подрачја.

**По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Игор Дамјаноски,**
**раководител на одделение за управување со човечки ресурси**

**--------------------------------------**